Врз основа на член 25 од Статутот на Одбојкарската федерација на Македонија од 11.07.2020 година, Извршниот одбор на Одбојкарската федерација на Македонија, на состанокот одржан на 19 август 2026, донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ НА ОДБОЈКАРСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### *Член 1.*

Овој Правилник ги пропишува основните одредби за организација и раководење со натпреварувањата на Одбојкарската федерација на Македонија во сите категории и се применува единствено и на целата територија на Република Северна Македонија.

### *Член 2.*

Овој Правилник е задолжителен за сите организации на ОФМ, како и за сите останати правилници коишто се однесуваат на системот и на условите за натпреварување коишто мора да бидат во согласност со одредбите на овој Правилник, Статутот на ОФМ и сите други акти на ОФМ.

### *Член 3.*

Одбојкарските натпреварувања можат да бидат редовни и повремени. Редовни натпреварувања се оние коишто се организираат во рамките на утврдениот систем за натпреварување на Република Северна Македонија. Повремени натпреварувања се оние кои се организираат повремено, по повод одредени празници, манифестации, јубилеи и сл.

## СИСТЕМ И ПРОПОЗИЦИИ НА РЕДОВНИТЕ НАТПРЕВАРУВАЊА

### *Член 4.*

Извршниот одбор на ОФМ ги одредува единствените системски и рамковни одредби за натпреварување на целата територија на Република Северна Македонија.

### *Член 5.*

Натпреварите во одбојка ги спроведува Одбојкарската федерација на Македонија.
Извршниот одбор на ОФМ подетално го регулира начинот на спроведување на натпреварите.
Натпреварите во одбојка се одржуваат во 3 ранга:
I ранг: Прва Лига
II ранг: Втора Лига
III ранг: Младински Лиги
Извршниот одбор на ОФМ именува Комесар за натпреварување на ОФМ којшто раководи односно го спроведува натпреварувањето.

### *Член 6.*

Системот за натпреварување како поим подразбира:

- ⇨ Ранг и вид на натпреварување,
- ⇨ Минимален и максимален број на екипи – учеснички,

- ⇨ Време на реализација по делови и во целина,
- ⇨ Начин на стекнување и начин на губење право за учество во натпреварувањето,
- ⇨ Начин на утврдување и регистрирање на пласманот,
- ⇨ Видови на објекти и игралишта на коишто се игра.

**Член 7.**

Предлог за измени во системот за натпреварување мора да биде доставен на јавна дискусија најмалку 30 дена пред денот на одржување на седница на Извршниот одбор на ОФМ, кој го усвојува.

**Член 8.**

За сите натпреварувања задолжителни се Пропозиции коишто ги донесува ИО на ОФМ, најмалку 15 дена пред почетокот на натпреварувањето. Со Пропозициите се дефинираат сите услови за натпреварување, вклучувајќи го и начинот на бодување. Системот се спроведува на еден од следните облици на натпреварување:

- ⇨ Лига систем со еднокружен, двокружен, трикружен или четирикружен систем на играње,
- ⇨ Турнирски, по групи и повеќе степени (комбинација на бодовен и куп систем),
- ⇨ Куп, еднокружен или двокружен систем на бодување,
- ⇨ Лига систем, двокружен со завршен дел турнирски или со РАЗИГРУВАЊЕ (Play Off  и Play Out).

**Член 9.**

Редовни натпреварувања на државно рамниште се:

- ⇨ Првенство за пионерки и пионери,
- ⇨ Првенство за кадетки и кадети,
- ⇨ Првенство за младинки и младинци,
- ⇨ Првенство за сениорки и сениори,
- ⇨ Одбојкарски Куп на Македонија,
- ⇨ Суперкуп .

Како редовни натпреварувања се сметаат и квалификациите за влез во државниот систем на натпреварување.

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

**Член 10.**

Натпреварувачката година започнува на 01 јули во тековната година, а завршува на 30 јуни идната година.

## КАЛЕНДАР ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

**Член 11.**

ИО на ОФМ, најдоцна до крајот на септември секоја година го утврдува рамковниот меѓународен и домашен календар за натпреварување, на предлог на Комесарот за натпреварување, а го одобрува Генералниот секретар на ОФМ. Календарот за натпреварување во понискиот степен на натпреварување мора да биде во согласност со Календарот за натпреварување во повисокиот степен.

### *Член 12.*

Календарот за натпреварување може да се промени само од оправдани причини. Одлука за тоа донесува ИО на ОФМ.

### *Член 13.*

Со овие облици на редовни натпреварувања раководи ИО на ОФМ.

### *Член 14.*

Првенството во државните лиги го спроведува ИО на ОФМ преку Комесарот за натпреварување на ОФМ.

Седиштето на Комесарот за натпреварување на ОФМ е во Скопје.

### *Член 15.*

Комесарот за натпреварување го именува ИО на ОФМ. Негови должности се:

- Го следи спроведувањето на усвоениот систем на натпреварување и дава предлози за негови промени и дополнувања,
- Ги регистрира натпреварите;
- Решава за приговори од екипите во прв степен;
- Подготвува предлог Календар за натпреварување;
- Одобрува промена на термини (време на почеток) и сали за одигрување на натпреварите (по потреба, во согласност со екипите);
- Издава редовни информативни Билтени коишто содржат: резултати, табели, делегирања на службени лица, одлуки и информации за екипите, и ги објавува на WEB страницата на ОФМ **(www.vfmkd.org.mk)**;
- Пропишува Пропозиции за Куп на Македонија;
- Пропишува Пропозиции за натпревари во млади категории;
- Пропишува Упатства за работа на делегатите-контролори и за организација на натпреварите од Првите и Вторите лиги на ОФМ;
- Одлучува за термините на играње на лигашките натпревари на учесниците во меѓународните натпревари (еврокупови и др.);
- Соработува во делегирањето на делегатите-контролори и на судиите;
- Делегира “Посебни набљудувачи“ за одредени натпревари;
- Донесува одлуки за опомени, парични казни и суспензии на екипи, сали, членови на екипите и другите учесници во натпреварувањето;
- Во соработка со ПСО на ОФМ донесува одлуки за казни на судиите и делегатите-контролори за направени грешки, коишто се однесуваат на непочитување на Пропозициите за натпреварување и другите нормативни акти на ОФМ;
- Прибира докази за извршени дисциплински престапи на учесниците во натпреварувањето и поднесува барање за поведување постапка пред надлежната Дисциплинска комисија на ОФМ;
- Ги решава сите прашања од натпреварувачка проблематика, а коишто не се предвидени со овој Правилник и не се во спротивност со одредбите од правилниците на ОФМ;
- Подготвува и дистрибуира материјали за потребите на:
  - ИО на ОФМ;
  - Тренерската и на Судиската организација на ОФМ;
- Соработува со работните тела на ИО на ОФМ,

- Врши други работи согласно Статутот на ОФМ и сите акти на ОФМ.
- Поднесува извештај на ИО и Собранието на ОФМ.

### *Член 16.*

Основните организации, коишто учествуваат во натпреварувањето, во согласност со своите Статути и овој Правилник можат да донесуваат свои посебни нормативни акти, со кои ќе ги уредуваат меѓусебните односи и ќе бираат органи преку коишто ќе спроведуваат активности од своја надлежност.

### *Член 17.*

За одредени натпреварувања, по потреба, се формираат посебни натпреварувачки комисии од заинтересираните одбојкарски организации, во согласност со Пропозициите на тоа натпреварување и овој Правилник. Пропозициите мора да бидат потврдени од Комесарот за натпреварување и од ИО на ОФМ.

## РАСПОРЕД НА НАТПРЕВАРИТЕ

### *Член 18.*

Усвојување на Анекс на Пропозиции за натпреварување, утврдување на распоредот во согласност со Календарот за натпреварување и донесување на посебни одлуки во врска со реализацијата на натпреварувањето, се врши на заеднички состанок на овластените претставници во тоа натпреварување.

### *Член 19.*

Распоредот на натпреварите од редовните натпреварувања мора да биде објавен најдоцна 15 дена пред почетокот на првенството, ако за одредени редовни натпреварувања не е поинаку предвидено со Пропозициите за тоа натпреварување.

### *Член 20.*

Утврдениот распоред на првенствените и на куп натпреварите може да се измени само врз основа на однапред утврдени критериуми коишто се предвидени со Пропозициите за натпреварување, така што поместувањето на одредени натпревари или одредено коло од натпреварувањето не може да биде на штета на другите заинтересирани клубови, ниту може да им овозможува натпреварувачка предност на клубовите чии натпревари се одлагаат на штета на другите учесници во истата натпреварувачка група.

## ВРЕМЕ ЗА ПОЧЕТОК НА НАТПРЕВАРИТЕ

### *Член 21.*

Времето за почеток на натпреварот го одредува клубот-домаќин во согласност со Пропозоциите за натпреварување.

Ако постои договор на екипите за времето на започнување на натпреварите од редовните натпреварувања, Комесарот за натпреварување по правило ќе го потврди тој договор, ако не е на штета на другите екипи.

## ПРАВИЛА НА ИГРАТА, БОДУВАЊЕ И ОДРЕДУВАЊЕ НА ПЛАСМАНОТ

### *Член 22.*

Натпреварите од редовното натпреварување се играат врз основа на Меѓународните одбојкарски правила (FIVB).

### *Член 23.*

За сите натпреварувања, начинот на бодување и пласманот се утврдува со Пропозициите за натпреварување.

## ДЕЛЕГАТИ НА НАТПРЕВАРУВАЊАТА

### *Член 24.*

За сите натпревари од редовните натпреварувања, Комесарот за натпреварување, може, а за Првите и Вторите лиги – мажи и жени мора да одреди Делегати.

Пред почеток на натпреварот, Делегатот утврдува дали на теренот за игра и во салата се наоѓаат сите предвидени органи, судии и Дежурен лекар, за непречено одвивање на натпреварот.  Делегати можат да бидат истакнати спортки работници,лица кои со своето знаење и искуство придонесуваат за развој и унапредување на одбојката и активно учествуваат во работата и активностите на Одбојкарската федерација.
За должноста на Делегатите, Комесарот за натпреварување пропишува соодветно Упатство.
Ако на натпреварот нема Делегат, неговата должност и обврски ги презема Првиот судија.

### *Член 25.*

Пред натпреварот Делегатот е должен да ги прегледа формуларите (ФЛ-01/03) за лиценцирани играчи, документите за лична идентификација на играчите, во согласност со Пропозициите за натпреварување и не дозволува настап на оние играчи кои немаат право.

Ако Делегатот утврди дека некој играч нема документ за лична идентификација, **може да му дозволи** да настапи со одредување на идентитетот со друг документ (фотографија) или лично препознавање, а потоа да **земе писмена изјава од тренерот или од капитенот на екипата, за причината за немање документ за лична идентификација,** а клубот е должен во **рок од 48 часа** да го достави неговиот/нејзиниот документ на надлежниот орган кој го спроведува натпреварувањето.

Во случај да не бидат доставени документите во предвидениот рок, Комесарот за натпреварување донесува одлука согласно Пропозициите за натпреварување.

### *Член 26.*

Правото на настап на натпревар на тренерите, лекарите и физиотерапевтите, Делегатот го утврдува со преглед на нивните легитимации и лиценци, во согласност со Пропозициите за натпреварување. Ако се случи некој од наведените да не ја приложи својата легитимација, односно лиценца, постапката е иста како и за играчите.

**Член 27.**

Делегатот ги прегледува сите потребни уреди и инсталации на теренот за да утврди дали одговараат на Правилата за игра и на одредбите на овој Правилник.

Ако организаторот не ги извршил сите технички подготовки, во предвиденото време,30 минути пред почеток на натпреварот, Делегатот ќе одреди време до **30 минути** со можност за продолжување ,за се да се доведе во ред.

**Член 28.**

Делегатот и Првиот судија на првенствен натпревар, се овластени да одлучуваат за отстранување на публиката, ако го оневозможува нормалниот тек на натпреварот. Првиот судија во договор со Делегатот го прекинува натпреварот при несоодветни услови за играње. Ќе се смета дека како последица на однесувањето на публиката е оневозможен нормален тек на натпреварот ако:

- се прават непристојни и неспортски испади спрема играчите или судиите,
- на теренот се фрлаат разни предмети,
- Судиите, Делегатот и играчите бидат физички нападнати,

како и поради други причини коишто го попречуваат нормалното одвивање на натпреварот.

**Член 29.**

По завршениот натпревар, односно турнир, Делегатот е должен да му поднесе писмен извештај - ДЛ-02, на Комесарот за натпреварување на ОФМ.

**Член 30.**

Ако клубот во Записникот најави **Приговор на натпреварот**, Делегатот е должен веднаш да собере потребен материјал за решавање на Приговорот, односно писмени изјави од официјалните лица во врска со наводите во Приговорот. Делегатот дава посебна писмена изјава и свое мислење за најавениот Приговор.

**Член 31.**

Со цел рационализација на натпреварувањата, Комесарот за натпреварување и Судиската организација можат да постигнат согласност, Делегатите на натпреварите, од член 24 на овој Правилник, покрај должноста Делегат да ја извршуваат и должноста Контролор на судењето. Делегати – контролори можат да бидат спортски работници кои имаат именување Меѓународен судија односно Меѓународен делегат, а престанале да судат поради надминување на возрасната граница за судење или се откажале од судењето и лица коишто ќе добијат лиценца по одлука на ИО на ОФМ (искусни меѓународни и државни судии).

Листата на делегати-контролори ја утврдува ИО на ОФМ, 15 дена пред почетокот на натпреварувањето за секој степен на натпреварување по предлог на Комесарот за натпреварување и Претседателството на СО на ОФМ.

Делегатите-контролори ги делегира Комисијата за контрола и унапредување на судењето на ПСО на ОФМ во соработка со Комесарот за натпреварување, кому му се одговорни за извршување на обврските од организациска природа и спроведување на Меѓународните одбојкарски правила.

Во случај на констатирана материјална повреда на одбојкарските правила на игра, Комесарот за натпреварување е надлежен да поведе дисциплинска постапка пред Дисциплинската комисија на ОФМ, по претходна пријава.

Делегатите-контролори се обврзани, по утврдувањето на листата за следната натпреварувачка сезона, да извршат проверка на знаењето кај Комисијата за контрола и унапредување на судењето на ПСО на ОФМ. Делегатите-контролори кои ќе покажат недоволно познавање на меѓународните одбојкарски правила, не можат да ја извршуваат функцијата до наредното полагање, по одлука на ПСО на ОФМ, **не порано од четвртото натпреварувачко коло.**

## СУДИИ

### *Член 32.*

Сите натпревари во организација на ОФМ можат да ги судат само одбојкарски судии, членови на Судиската организација на ОФМ.

Судиите се обврзани по утврдувањето на листата за идната натпреварувачка сезона да извршат проверка на знаењето кај надлежната Комисија за контрола и унапредување на судењето при СО на ОФМ. Судиите кои ќе покажат недоволно познавање на меѓународните правила на одбојкарската игра, не можат да судат до наредното полагање, по одлука на ПСО на ОФМ, **не порано од четвртото натпреварувачко коло.**

Судиите ги делегира Комисијата за делегирање на СО на ОФМ, во соработка со Комесарот за натпреварување, пред којашто се одговорни за спроведување на Меѓународните одбојкарски правила, а за извршување на обврските коишто произлегуваат од Правилникот и Пропозициите за натпреварување на ОФМ, одговорни се пред Комесарот за натпреварување.

Листата на судии ја утврдува ИО на ОФМ најдоцна **15 дена** пред почетокот на натпреварувањето за секој степен на натпреварување посебно, по предлог на Претседателството на СО на ОФМ.

### *Член 33.*

Судиите се должни да излезат на терен во комплетна судиска опрема **30 минути** пред закажаниот почеток на натпреварот и да се јават на Делегатот/Делегат-контролор и на претставниците на екипите.

## ЗАПИСНИК И ИЗВЕШТАЈ ОД ОДИГРАНИОТ НАТПРЕВАР

### *Член 34.*

На сите официјални натпревари се води пропишан Меѓународен одбојкарски записник. Делегатот/Делегатот-контролор е должен во рок, според Пропозициите за натпреварување, да му достави на Комесарот за натпреварување оригинален примерок од записникот, додека, другите извештаи од натпреварот можат да се доставаат во електронска форма.

## ТЕРЕНИ

***Член 35.***

Секоја сала, во којашто се игра натпревар, мора да биде регистрирана и одобрена од Комесарот за натпреварување, или од надлежна Комисија, одредена од ИО на ОФМ.

***Член 36.***

Прописи за организација и ред на натпреварите во салите донесува Комесарот за натпреварување, или надлежна Комисија, одредена од ИО на ОФМ.

## ОЦЕНКА ЗА ПОДГОТВЕНОСТА НА ТЕРЕНОТ И МОЖНОСТИ ЗА ИГРАЊЕ

***Член 37.***

Клубот-домаќин е должен да ја уреди салата за игра, така што да биде потполно подготвена за одигрување на натпреварот од редовното натпреварување. За подготвеноста на теренот за игра, во случај на виша сила, одлучуваат Делегатот/Делегатот-контролор и Првиот судија, кој е одреден да го води натпреварот.

Судијата и Делегатот/Делегатот-контролор се должни да ја запишат донесената одлука за **неподготвеност на теренот** во Записникот којшто му го достават на Комесарот за натпреварување **во рок од 48 часа**, со **претходно телефонско известување.**

***Член 38.***

Сите натпревари од државен ранг мора да се играат во сали со пропишано осветлување и одредена температура. ИО на ОФМ со посебен Правилник ги утврдува техничките нормативи за одигрување на натпреварите во лигите. После натпреварот не е дозволен Приговор за температурата или за осветлувањето коишто се пониски од пропишаното.

## ПРАВО НА НАСТАП НА ИГРАЧИТЕ НА НАТПРЕВАРИТЕ

***Член 39.***

Право на настап на првенствените и куп натпревари имаат само играчите коишто тоа право го стекнале врз основа на Правилникот за регистрација на основни организации и членови на ОФМ.

На еден првенствен или куп натпревар можат да настапат **најмногу тројца играчи регистрирани врз основа на странски ФИВБ сертификат, под услови кои ги пропишува ФИВБ.**

***Член 40.***

Издавање лиценци на играчите од лигите врши Комесарот за натпреварување на ОФМ, за што пропишува Упатство, одобрено од ИО на ОФМ. Издавањето лиценци се врши најдоцна 15 дена пред почетокот на натпреварувањето. До тогаш сите клубови се должни да достават потребна документација за издавање лиценци.

По извршеното лиценцирање, како и во текот на натпреварувањето, лиценци можат да се издадат во следните случаи:

- На играчите коишто првпат се лиценцираат,

- На играчите од помладите категории на клубот коишто пред почетокот на натпреварувањето биле регистрирани за тој клуб,
- На играчите кои го изгубиле правото на посебна лиценца, издадена согласно член 44 од овој Правилник,
- На играчите – странски државјани со ФИВБ сертификат, во два преодни рокови: - од **01 јули до почетокот на натпреварувачката сезона** во машка и женска категорија и **од 03 до 17 јануари;**
- На домашните играчи кои играле во странство (добиле согласност за одење во странство од ИО на ОФМ) и се враќаат во домашното првенство и приложат ослободувачко писмо, заклучно со **17 јануари;**
- На домашните играчи кои поминале во друг клуб во Мини преодниот рок (03-17.01.2027), но најмногу до 2 лиценцирани играчи за еден клуб.

### *Член 41.*

На репрезентативците на Македонија од „А“ селекцијата (мажи и жени), кои за време на преодниот рок се ангажирани во репрезентацијата, преодниот рок им се продолжува за онолку денови колку што за време на преодниот рок биле ангажирани за репрезентацијата на Македонија.

### *Член 42.*

Право на настап за играчите во натпреварувањата во помлади категории (пионери/пионерки, кадети/кадетки, младинци/младинки) се одредува секоја натпреварувачка година, во согласност со регулативата на ЦЕВ и на ФИВБ.

Играчи од помладите категории можат да настапат и во постарите категории, но со услов да не можат да настапат во ист ден во две категории.

**Во Првите лиги можат да настапат пионерки и пионери во сениорска категорија по наполнети 14 години возраст.**

### *Член 43.*

Ако на првенствените натпревари во пионерска, кадетска и младинска категорија настапат играчи коишто според своите години го загубиле правото за натпреварување во овие категории, ќе биде покрената дисциплинска постапка, по претходно поднесена пријава, во рок од 48 часа, според одредбите од Дисциплинскиот правилник на ОФМ, против играчите, тренерот и клубот во кој настапил натпреварувачот, со тоа што клубот ќе претрпи и други последици предвидени со Дисциплинскиот правилник на ОФМ, а натпреварот ќе го загуби со службен резултат.

### *Член 44.*

Играч може да настапи на пријателски и на меѓународен официјален натпревар за друг клуб само со писмена согласност на матичниот клуб. Против играчот и клубот, кој ќе настапат спротивно на овие одредби, по претходно поднесена пријава, во рок од 48 часа, ќе биде поведена дисциплинска постапка според одредбите на Дисциплинскиот правилник на ОФМ.

Писмената согласност за настап на играчот, задолжително се доставува до Канцеларијата на ОФМ.

**_Член 45._**

Клубовите од Прва лига-мажи и жени, во формуларот на пријавени играчи (ФЛ-01) имаат право да пријават **најмногу до два (2) играчи од друг клуб, лиценцирани со двојна лиценца**. Играчите со двојна лиценца задолжително настапуваат за својот матичен клуб во младинските категории (младинци/ки, кадети/ки,пионери/ки). Настапот со двојна лиценца е дозволен само со претходна писмена согласност од матичниот клуб.

Клубовите од Втора лига-мажи и жени, на овој начин имаат право да пријават **најмногу до пет (5) играчи**. Играчите со двојна лиценца задолжително настапуваат за својот матичен клуб во младинските категории (младинци/ки, кадети/ки,пионери/ки). Настапот со двојна лиценца е дозволен само со претходна писмена согласност од матичниот клуб.

Пријава на играчи со двојна лиценца, во машка и женска сениорска категорија, мора да се изврши до **почетокот на натпреварувачката сезона. Промени и дополнувања на играчи со двојна лиценца, можат да се вршат по завршување на натпреварите од есенскиот дел од првенствата и најдоцна до почетокот на натпреварите од пролетниот дел, но не во текот на натпреварувањата.**

На играчите од Првите лиги (мажи и жени), кои на 15 дена пред почетокот на официјалното натпреварување **не наполниле 19 години возраст**, може да им се издаде **посебна лиценца** којашто им овозможува право на настап за клуб од понизок ранг на натпреварување.

За клуб кој не се натпреварува во Првата лига, на овој начин можат да се лиценцираат **најмногу двајца играчи**. Ова ограничување не се однесува на клуб од Првата лига, чија втора екипа се натпреварува во понизок ранг на натпреварување.

## ЛЕГИТИМАЦИИ И ЛЕКАРСКИ ПРЕГЛЕД НА ИГРАЧИТЕ

**_Член 46._**

Секој учесник во натпреварувањето мора да има натпреварувачка легитимација односно лиценца, со заверен лекарски преглед.

Лекарскиот преглед важи најмногу **6 (шест) месеци**.

Лекарските прегледи на играчите се вршат во специјализирани спортски амбуланти. Ако во местото на клубот нема специјализирана спортска амбуланта, прегледот се врши кај овластен специјалист – интернист.

## НЕДОАЃАЊЕ НА НАТПРЕВАР ОД РЕДОВНОТО НАТПРЕВАРУВАЊЕ

**_Член 47._**

Ако после 15 минути од времето на закажаниот почеток на натпреварот не биде присутна една од екипите, Првиот судија тоа ќе го констатира во Записникот и натпреварот нема да се одигра.

## ПРЕКИН НА НАТПРЕВАР

### *Член 48.*

Ако започнатиот натпревар од првенството или купот не може да заврши од објективни причини (неочекувани временски неприлики, губење на електрична енергија-осветлување, неисправност на инсталации и др.), Првиот судија го прекинува натпреварот и заедно со Делегатот и капитените на двете екипи писмено во Записникот го констатираат постигнатиот резултат во моментот на прекинот на натпреварот. Кога натпреварот продолжува на истиот терен, после еден или повеќе прекини, со вкупно траење **пократко од 4 часа**, резултатот од прекинатиот сет останува да важи, а играта ќе се продолжи од моментот на прекинот.

Кога натпреварот продолжува на друг терен или во друга сала, резултатот од прекинатиот сет се поништува, а резултатите од другите сетови се признаваат. Натпреварот ќе продолжи под исти услови како во поништениот сет (истата постава).

Кога прекините се со вкупно траење **подолго од 4 часа**, натпреварот мора да се повтори/преигра **во рок од 24 часа** без оглед на постигнатиот резултат и на кој терен ќе се одигра.

Право на настап во продолжетокот на натпреварот имаат само оние играчи кои се запишани во Записникот пред почетокот на прекинатиот натпревар.

Ако натпреварот не може да се продолжи според став 2 од овој член и ако натпреварот не може да се повтори согласно став 3 од овој член (во рок од 24 часа), Комесарот за натпреварување ќе одреди дата и место на одигрување нов натпревар, водејќи сметка по правило, новиот натпревар да се одигра пред почетокот на следното редовно коло. На повторениот натпревар можат да настапат само играчите кои имале право на настап на денот на првично закажаниот натпревар.

За настанатите трошоци во врска со прекинот, продолжетокот и повторувањето на натпреварот одлучува Комесарот за натпреварување на ОФМ.

### *Член 49.*

Како објективни причини за прекин на натпревар од став 1 од член 47 се сметаат пречки предизвикани од елементарни несреќи како што се: поплави, уништување или оштетување на инсталациите во салата од удар на гром, прекин на електрична енергија на поширокото подрачје од градот во којшто се одигрува натпреварот,земјотрес, пожар и сл.

## НЕУЧЕСТВУВАЊЕ НА ПРИЈАВЕНИТЕ ЕКИПИ

### *Член 50.*

Неучествување на пријавените екипи на првенствените и куп, како и на другите натпреварувања, коишто се предвидени со Календарот за натпреварување, иницира дисциплинска одговорност и надомест на материјалните трошоци предизвикани со отказот.

## УЧЕСТВО НА ЕКИПИТЕ ВО РЕДОВНИТЕ НАТПРЕВАРУВАЊА

### *Член 51.*

Екипа која што првпат се натпреварува, започнува да се натпреварува во најнискиот степен на редовно натпреварување.

***Член 52.***

Во сениорска конкуренција, во ист ранг на натпреварување, еден клуб може да настапи само со една екипа.

## НЕНАСТАПУВАЊЕ ПОРАДИ СУСПЕНЗИЈА И ПОСЛЕДИЦИ

***Член 53.***

Ако екипата е суспендирана, не може да настапи, а одлука за регистрација на натпреварот донесува Комесарот за натпреварување по донесувањето конечна одлука за суспензијата од Дисциплинската комисија на ОФМ, како второстепен орган.

***Член 54.***

На одложените натпревари поради суспензија на екипата, можат да настапат само играчите кои имале право да настапат на денот на првичниот термин на тој натпревар.

## РАСФОРМИРАЊЕ НА КЛУБ И ОТКАЖУВАЊЕ ОД НАТПРЕВАРУВАЊЕТО

***Член 55.***

Во случај клубот да се расформира или да се откаже од натпреварувањето, **а не одиграл 50%** од лигашките натпревари, сите резултати од неговите натпревари се бришат.

Доколку одиграл 50% од лигашките натпревари, постигнатите резултати се признаваат, а останатите натпревари ги добиваат противниците без борба со службен резултат. Ќе се смета дека клубот се откажал од натпреварувањето ако по своја вина **не одиграл 3 натпревари** во текот на натпреварувањето и против него ќе се поведе дисциплинска постапка.

Клубот којшто ќе се пријави и ќе се откаже од натпреварувањето, по автоматизам се суспендира и се поведува дисциплинска постапка.

Екипата којашто во текот на натпреварувањето го напушти натпреварувањето или биде исклучена од натпреварувањето, се враќа во најнискиот ранг на натпреварување.

## СПОЈУВАЊЕ НА КЛУБОВИ

***Член 56.***

Спојувањето се врши по одлука на заинтересираните клубови, коишто претходно се изјасниле за спојување на своите посебни собранија.

Спојувањето на клубовите мора да се изврши најдоцна **30 дена** пред почетокот на натпреварувањето во коешто ќе настапи новоформираниот клуб.

Членовите на клубот – играчите и тренерите, коишто не се согласуваат со спојувањето на клубовите и се изјаснат за тоа во текот на одлучувањето, што мора да се констатира записнички, имаат право да се пријават за кој било клуб.

При спојувањето на клубовите, новоформираниот клуб го задржува правото на подобро пласираната екипа (сениори, младинци, кадети, пионери), посебно за секоја категорија во која се натпреварува.

## РЕГИСТРАЦИЈА НА НАТПРЕВАР СО СЛУЖБЕН РЕЗУЛТАТ 3:0

### *Член 57.*

Натпреварот се регистрира со службен резултат **3:0 (25:0, 25:0, 25:0)** за противникот во следните случаи:

- ⇨ Ако екипата не настапила од неоправдани причини,
- ⇨ Ако теренот не е подготвен за игра или не се исполнети други услови по вина на клубот-домаќин,
- ⇨ Ако екипата одбие да го одига натпреварот,
- ⇨ Ако екипата го напушти натпреварот којшто е во тек,
- ⇨ Ако екипата настапи со играч или со тренер којшто не е правилно регистриран односно лиценциран,
- ⇨ Ако екипата настапи со играч или со тренер којшто се наоѓа под суспензија,
- ⇨ Ако екипата настапи со играч или со тренер којшто не ја платил изречената казна,
- ⇨ Ако екипата настапи со играч кој на лекарскиот преглед е прогласен за неспособен за натпреварување или ако нема уреден лекарски преглед,
- ⇨ Ако екипата настапи со играч кој тој ден настапил во друга категорија,
- ⇨ Ако екипата е суспендирана или казнета.

За другите случаи коишто не се регулирани со овој член решава Комесарот за натпреварување.

Против екипата која направила престап од овој член се поведува дисциплинска постапка, по претходна писмена пријава во рок од **48 часа.**

### *Член 58.*

За натпреварот, неговиот резултат, примената на Правилата на игра и овој Правилник, дозволен е <u>Приговор</u>.

Приговорот во текот на натпреварот, ако со Пропозициите за натпреварување не е поинаку предвидено, мора да се најави во Записникот од одиграниот натпревар, а образложение и потврда за платена такса за него мора да се достави до Комесарот за натпреварување во рок **од 2 дена** од денот на одигрување на натпреварот.

Неблаговремен, необразложен, како и неплатен Приговор нема да се земе на разгледување и истиот ќе се отфрли како неоснован.

### *Член 59.*

За приговорите во прв степен, за сите натпреварувања, одлучува Комесарот за натпреварување во рок од три (3) дена од денот на приемот.

Учесниците во постапката имаат право на жалба до Дисциплинската комисија на ОФМ, за којашто ќе платат посебна такса.

### *Член 60.*

Врз основа на поднесениот приговор од оштетениот клуб, Комесарот за натпреварување ќе го поништи натпреварот и ќе одреди да се игра нов, во случај ако

во текот на судењето на натпреварот е сторена повреда на Меѓународните одбојкарски правила, којашто имала значајно влијание на текот и резултатот на натпреварот, а немало вина на оштетената екипа за ваква повреда.

### *Член 61.*

Незадоволната странка од одлуката на Комесарот за натпреварување може да поднесе жалба до Дисциплинската комисија на ОФМ, определена со Пропозициите за натпреварување.

Против второстепената одлука не може да се поднесе жалба и таа е конечна.

Таксите за приговорите и за жалбите се утврдуваат и се уплаќаат според Анексот на Пропозициите за натпреварување.

### *Член 62.*

Второстепената одлука мора да биде донесена во рок од 5 дена од денот на приемот на жалбата, ако со Пропозициите за натпреварување не е одредено поинаку.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАТПРЕВАР

### *Член 63.*

Организаторот е должен да ги преземе сите мерки за да овозможи нормален тек на натпреварот, како и за заштита на играчите, на судиите и на делегатот во секој поглед.

Организаторот одредува свој **официјален претставник за секој натпревар**.

### *Член 64.*

Организаторот на натпреварувањето/натпреварот е должен да организира редарска служба и да го пријави натпреварувањето/натпреварот на надлежните полициски органи.

### *Член 65.*

На секој натпревар треба да присуствува Дежурен лекар (физиотерапевт) со задолжителна прирачна аптека за овозможување прва помош.

### *Член 66.*

Организаторот на натпреварот е должен да им обезбеди сместување на судиите и на делегатот доколку настанат непредвидени околности предизвикани од виша сила на денот на одигрување на натпреварот.

### *Член 67.*

Организаторот на натпреварот (клубот-домаќин) сноси одговорност за сите прекршоци и инциденти коишто ќе се случат на самиот натпревар или во врска со него.

## ДИСЦИПЛИНСКИ ОДРЕДБИ

### *Член 68.*

Прекршоците сторени против одредбите на овој Правилник подлежат на дисциплинска одговорност според Дисциплинскиот правилник на ОФМ.

# ЗАВРШНИ И ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

***Член 69.***

Толкување на одредбите од овој Правилник дава ИО на ОФМ.

Извршниот Одбор на Одбојкарската федерација го задржува правото, поради укажана потреба, да врши дополнување, измена или сторнирање на поединечни одредби од овој Правилник, се со цел обезбедување на регуларност на натпреварувањето.

***Член 70.***

Со стапувањето на сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за натпреварување на ОФМ објавен во септември 2026 година.

***Член 71.***

Овој Правилник стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службеното гласило на ОФМ.

Скопје,23.09.2026

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОФМ
*Петар Јовановски*